# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА ПРИЛЕП

| Службен гласник на Општина Прилеп – Излегува по потреба | 9 Декември 2008 година<br>Службен гласник број 13<br>Овој примерок чини 100 ден.<br>Годишна претплата 2.000 ден. | Трезорска см. при НБРМ<br>100000000063095<br>Буџет на Општина Прилеп<br>756014065763013 |
|---|---|---|



***Адреса: Питу Гули бр.2, тел.416-454, www.prilep.gov.mk, email:prilep@prilep.gov.mk***


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА И ДОПОЛНУВАЊЕ - ПРОШИРУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Одлуката за измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2908/1
09.12.2008 година
Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Прилеп
Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 43 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 04.12. 2008 година, донесе:

***О Д Л У К А***
**за измена и дополнување - проширување на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување -проширување на средствата во Буџетот на Општина - Прилеп за 2008 година и тоа на следниот начин:

**Се зголемуваат приходите на следните подставки**

| Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|
| 741211 Капитални трансфери од други нивоа на власт | | | | |
| 37.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **37.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**И се распоредуваат на следните потпрограми и расходни потставки:**

**J0 ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА**

482620 Изградба на споменици
30.000.000 0 0 0 0

**ИЗГРАДБА НА СИСТЕМИ ЗА ОДВЕДУВАЊЕ И ПРЕЧИСТУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ**

482920 Изградба на други објекти
7.000.000 0 0 0 0

37.000.000 **0** **0** **0** **0**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2874/2 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.12.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНА НА РАСПОРЕДОТ НА СРЕДСТВАТА ВО БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2008 ГОДИНА**

1. Одлуката за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2908/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
09.12.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр.5/2002) и член 43 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр. 6/2003 и 4/2005 ), Советот на Општина Прилеп на седницата одржана на 04.12. 2008 година, донесе:

***О Д Л У К А***
**за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се врши измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина - Прилеп за 2008 година и тоа на следниот начин:

| Подпрограма / Подставка | Буџет | Самофин. | Донации | Дотации | Кредити |
|---|---|---|---|---|---|
| **N2 СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | | |
| 421110 Електрична енергија | 0 | 0 | 0 | -407.000 | 0 |
| 423710 Средства за одржување хигиена | 0 | 0 | 0 | 23.000 | 0 |
| 423110 Канцелариски материјали | 0 | 0 | 0 | 137.000 | 0 |
| 423120 Списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените | 0 | 0 | 0 | 19.000 | 0 |
| 423990 Други материјали | 0 | 0 | 0 | 5.000 | 0 |
| 424210 Одржување на згради | 0 | 0 | 0 | 149.000 | 0 |
| 424230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација | 0 | 0 | 0 | 16.000 | 0 |
| 424430 Поправки и одржување на опрема | 0 | 0 | 0 | 34.000 | 0 |
| 425760 Превозни услуги во образованието | 0 | 0 | 0 | 24.000 | 0 |
| | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесувањето и станува составен дел на Буџетот на Општина Прилеп за 2008 година, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 07 - 2874/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.12.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА РАЗВОЈНИТЕ ПРОГРАМИ НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Развојните програми на Општина Прилеп, се објавуваат во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2908/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
09.12.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на член 26 ст.1 т.47 од Статутот на општина Прилеп((„Сл. гласник на општина Прилеп“ бр.6/03 и 15/05), а согласно член 21-б од Законот за изменување и дополнување на Законот за буџетите((„Сл. весник на РМ“ бр.04/2008), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 04.12 2008 година, донесе:

**РАЗВОЈНИ ПРОГРАМИ**
**На Општина Прилеп**

Согледувајќи ги потребите на граѓаните, а поагајќи од целта за подобрување на квалитетот на животот на територијата на општина Прилеп, ценејќи ги општите текови и особено потребата од развој во натамошниот период во областите од комуналното уредување, водоснабдувањето, како и изворите на енергија, Општина Прилеп особено ќе развива планови и програми и тоа:

1.Развојна програма -
**Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**

Изградбата и реконструкција на улиците и локалните патишта во Општина Прилеп се однесува на оној дел од патната мрежа кој е во лоша и руинирана состојба и не соодветствува согласно фрекфенцијата на сообраќајот а со реконструкцијата ќе се овозможи сигурно и безбедно одвивање на сообраќајот како по улиците низ градот така и до (низ) населените места.

За дел од улиците има техничка документација а за останатите ќе се изврши изготвување на техничка документација согласно ДУП или состојбата на лице место таму каде нема ДУП-ови.

Ризик постои околу решавање на имотно правните односи и евентуално недовршена денационализација на земјиштето.

Датум на започнување со имплементација на проектот се планира 01.05.2009 год., а датум на завршување на проектот се планира 30.11.2011 год.

Вкупната вредност на овој проект се планира да изнесува 105.000.000 ден.

Поради големиот обем и висината на потребните финансиски средства кои се потребни за реализација на оваа развојна програма, а кои изнесуваат 105.000.000 ден, ќе се извршува фазно во три години започнувајќи од 2009 год. па се до 2011 година.

Со оглед дека станува збор за вредност која е апроксимативно дадена, планираме во Буџетот на Општина Прилеп за 2009 год. да се предвидат средства во износ од 35.000.000 ден за изградба на 35.000 $м^2$, во 2010 планираниот износ на средства да биде 35.000.000 ден. за изградба на 35.000 $м^2$ и 2011 год. да се предвидат 35.000.000 ден за изградба на 30.000$м^2$.

За реализација на оваа развојна програма покрај планираните средства од Буџетот на Општината и 80 % од средствата од Агенцијата за државни патишта на РМ, согласно годишните програми за периодот 2009-2011 година.

2.Развојна програма -
**ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТ ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИОТ СИСТЕМ СТУДЕНЧИЦА ПРИЛЕП ВО КРИЗНИ ПЕРИОДИ**

Изработка на физибилити студија за дополнување на водоводниот систем Студенчица Прилеп во кризни периоди е потребна поради неповолните климатски и хидро геолошки состојби во Прилепскиот регион и пошироко во последните години, издашност на изворот Студенчица кој во одредени години варира, како и поголемиот број на корисници и нееднаквата распределба на водните ресурси.

Физибилити студијата ќе ги опфати сите расположиви водни ресурси во општина Прилеп кој ќе

допринеси, со студиозна и научна анализа да ги понуди идните можности за дополнување на системот Студенчица за крајно решавање на проблемот со водоснабдувањето во Прилеп.

Почетокот на изработка на студијата е февруар 2009 г. со избор на изработувач согласно законите за јавна набавка и поради сложеноста, обемноста и очекуваниот квалитет на истата треба да биде завршена во 2011 со Основен проект кој ќе го понуди најдоброто решение за дополнување на системот Студенчица Прилеп.

Планираните средства од 15.000.000,оо денари ќе бидат обезбедувани во наредниот тригодишен развоен период при што ќе се обезбедат услови за опФаќање на повеќе алтернативни решенија и нивна споредба за добивање најповолно решение.

Ризикот во навремено и квалитено изработена студија е бројот на населението и големата површина за покривање со водоснабдителниот систем, голем број на алтернативни решенија, немање соодветни показатели за брза изработка на базите на податоци и добивање на веродостојни податоци за изработка на студијата.

Средствата се планираат да се обезбедат од буџетот на општина Прилеп и од средства на програмите во соодветните министерства.

3. РАЗВОЈНА ПРОГРАМА
**ИЗГРАДБА НА ВОДОСНАБДИТЕЛНИ СИСТЕМИ ВО НАСЕЛЕНИ МЕСТА НА ОПШТИНА ПРИЛЕП**

Со оваа програма се предвидува да се градат водоснабдителни системи во оние населените места на општина Прилеп каде нема такви системи. Ќе се градат согласно со основен проект и техничка документација која треба да биде изработена и прибавена во текот на 2009 г. кога ќе започне и нивната реализација на терен.

Малиот број на опфатени села со водоводи и ограничените средства налага приоритет да му се даде на населените места каде има поголем број на жители и во места каде има индикации од загаденост на бунарите или друга вода која ја користат граѓаните.

Почеток за реализација е од февруари 2009 г. со распишување на тендер за проектирање на водоснабдителни системи во населените места, а по изработка на основен проект и добивање на одобрение за градење се пристапи кон реализација во јуни 2009г. повторно со избор на најдобар понудувач, согласно законот за јавни набавки.

Планираните средства од 45.000.000,оо ден ќе бидат распоредени во тригодишниот период така што се очекува да во 2009 година бидат изградени 2 водоснабдителни системи, а во наредните 2 години бидат изградени водоснабдителни системи во по три населени места, така да до ноември 2011 г. бидат покриени 8 населени места.

Средствата се планира да бидат обезбедувани од буџетот на општина Прилеп, но исто така ке се бараат и средства од буџетот на РМ преку соодветните програми во Министерствата.

4. РАЗВОЈНА ПРОГРАМА
**РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНОТО КОРИТО НА ГРАДСКА РЕКА**

Регулација на речното корито на Градска река во Прилеп ќе се изведува на горниот и долниот тек на реката и истата ќе претставува продолжение на регулацијата на Градската река од централниот дел на градот кон периферните населби до градежниот опфат на Прилеп.

Досегашното нерегулирано корито на реката, претставува можност за неконтролиран испуст на отпадните води, негово излевање и поплавување на околните населби, формирање на заостанати површини со вода кои беа лежишта за ширење на разни непријатни миризби, загадување на човековата околина и опасност за ширење на зарази и разни болести поврзани со нечистата вода.

Со регулацијата на коритото ќе се отпочне во мај 2009г. со избор на најповолен изведувач согласно законот за јавни набавки.Во февруари 2009 ќе се докомплетира документацијата за горниот дел на реката, затоа што за долниот тек на реката има прибавено потребна техничка документација. Годишната динамика се планира да во 2009 година се изведат по 400 м., во 2010 год. 1000 м и во 2011 800 м, така што за три години биде изведен комплетно целиот проект.

Вкупната сума на овој проект од 35.000.000,оо опфаќа регулација на речното корит во должина од 2200м. при шти ќе биде третирано мајор и минор коритоте, со формирање на бетонско регулирано минор корито, ѕидање на обални ѕидови со што ќе се добијат и границите на целокупното речно корито со надоврзување на улиците што треба да поминуваат покрај кејовите.

Со ово проект приградските населби би добиле еден убав и среден урбан простор со здрава и чиста околина, а со прифаќање на водите во канализациони колектори и водата од реката ќе биде со задоволителна чистина.

Ризик за изведба на проектот е обезбедување на материјалните средства, затоа што проектот опфаќа поголеми должини и квадратури.

Реализацијата на овој проект се предвидува да биде со дел од средствата од буџетот на општина Прилеп, дел со средства од буџетот на Републиката преку соодветните програми од Министерствата.

5. РАЗВОЈНА ПРОГРАМА

**ПРОЕКТ ЗА ГАСИФИКАЦИЈА НА ГРАД ПРИЛЕП**

Согласно потребите за развој на Општина Прилеп, односно за долгорочно изнаоѓање на алтернативни, екомични и еколошки извори на енергија, се планира изработка на проект за гасификација на град Прилеп.

Со оваа развојна програма за гасификација на град Прилеп, се планираат следните активности:

1.Изработка на Физибилити студија за оправданоста на овој проект во текот 2009 година

2. Изработка на Идеен проект за широка потрошувачка во текот на 2010 година

3. Изработка на Основен проект за изградба на гасоводен csстем до крајните потрошувачи во текот на 2011 година.

За изработка на физибилити студијата, што се предвидува да отпочне во првиот квартал на 2009 година, потребни се средства во износ од 6.000.000 ден.

За изработка на Идејниот проект, што се предвидува да отпочне во првиот квартал на 2010 година, потребни се средства во износ од 6.000.000 ден.

За изработка на Основен проект, што се предвидува да отпочне во првиот квартал на 2011 година, потребни се средства во износ од 6.000.000 ден.

За реализација на оваа развојна програма финансиските средства се предвидуваат од Буџетот на Општината.

Изработката на Физибилити студијата, Идејниот проект и Основниот проект, ќе се обезбеди во постапки утврдени согласно Законот за јавни набавки.

Во Физибилити студијата, Идејниот проект и Основниот проект, проекцијата на потребните

инсталации за гасификација на град Прилеп, ќе биде планирана по постојната сообраќајна инфраструктура. При проектирањето строго ќе се запазат сите технички и законски стандарди за ваков вид на објекти.

Со имплементацијата на оваа развојна програма се предвидува заокружување на системот за гасификација на РМ, која треба да заврши 2012 година, согласно развоните програми на Владата на РМ.

Ефекти кои се предвидува да се постигнат со реализација на оваа програма се: изнаоѓање на алтернативни, економични и еколошки извори на енергија, кои во денешно време на енергетска криза во регионот се потребни.

Бенефит од реализација на оваа развојна програма ќе имаат граѓаните на град Прилеп и самата индустрија на територијата на општина Прилеп.

Број 07- 2874/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.12.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
Прилеп Димитар Стевананџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС - ПОГОН ЗА МОНТАЖА НА ЕЛЕКТРИЧНИ МАШИНИ И ИНДУСТРИСКИ РАБОТИ ВО М.В. "РАЗЛЕИШТЕ", КО ВАРОШ, НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ Р-516, ПРИЛЕП - КРУШЕВО, ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс - погон за монтажа на електрични машини и индустриски работи во М.В. "Разлеиште", КО Варош, на Регионалниот пат Р-516, Прилеп - Крушево, во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2908/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
09.12.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.24/2008), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 04.12.2008 година, донесе:

**О Д Л У К А**
за донесување на Урбанистички план вон населено место-за изградба на стопански комплекс -погон за монтажа на електрични машини и индустриски роботи во м.в."Разлеиште",КО Варош,на регионалниот пат Р-516, Прилеп-Крушево, во Општина Прилеп

**Чл.1**

Се донесува **Урбанистички план вон населено место- за изградба на стопански комплекс -погон за монтажа на електрични машини и индустриски роботи во м.в."Разлеиште",КО Варош,на регионалниот пат Р-516,Прилеп-Крушево,** во Општина Прилеп., (во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

**Планскиот опфат е ограничен со следните граници: на исток** граничи со парцелите КП бр.3000 и 3014,**на југ** завршува со регионалниот пат Р-516 Прилеп-Крушево ,**на запад** граничи со

парцелите КП бр.2958,2962 и 2963 ,и на север граничи со парцелата КП бр.2995.

**Вака определениот плански опфат е со површина од 2,27ха**.

**Чл.2**

**Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:**

**1.Одлука за дополнување на Програма за донесување на урбанистички плнови** за 2007год.за Општина Прилеп..

**2.Услови за планирање на просторот**-техн.бр.13807,од Јуни 2007год.-изработени од Агенцијата за планирање на просторот.

**3.Решение за услови за планирање на просторот** бр.15-2765/4 од 03.07.2007год.издадено од МЖСПП-Скопје.

**4.Нацрт План** изработен од ДООЕЛ"ФОРМИ " од Битола,**техн.бр.100/08/07** од Декември 2006год.

**5.Извештај од извршена Стручна ревизија** на Нацрт Планот изработена од ДОО"Простор"-од Куманово од Септември 2007год.

**6.Одговор на забелешките од Стручната ревизија** од изработувачот на планот ,ДООЕЛ "ФОРМИ", од Битола, од Септември 2007год.

**7.Стручно мислење** од Министерството за транспорт и врски бр.17-11883 од 07.12.2007год.

8.**Одговор на забелешките од Стручното мислење** ,од февруари 2008год.изработен од ДОО ЕЛ"ФОРМИ"од Битола.

9.**Одлука за утврдување Нацрт план** бр.07-677/6 од 14.03.2008год.-Совет на Општина Прилеп.

**10.Одлука за организирање на јавна анкета и јавна презентација** ,по Нацрт Планот, бр.09-497/3 од 18.03.2008год.-Градонач.на Општина Прилеп.

**11.Соопштение за организирање на јавна анкета** и јавна презентација бр.09-497/4 од 18.03.2008год.,објавено во печатен медиум - Време.

**12.Извештај од јавната анкета и Стручна консултација** бр.09-497/7 од 04.04.2008год.

**13.Решение за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште** издадено од Нинистерството за земјоделство,шумарство и водостопанство бр.08-8103/4 од 08.10.2008год.

14.Известување од Н.У.Завод за заштита на спомениците на културата и музеј-Прилеп бр.08-163/2 од 27.03.2008год.

**14.Известување за постапување по извештајот**бр.09-497/9 од 05.06.2008год.

**15.Согласност на Предлог планот** ,од Министерството за транспорт и врски бр.17-12133/2 од 27.10. 2008год.

**16.Комплетен примерок од Предлог Планот,за Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс -погон за монтажа на електрични машини и индустриски роботи,во м.в."Разлеиште",КО Варош,** техн. бр.УП /100/08/07,од Октомври 2008год., изработен од ДООЕЛ"ФОРМИ" од Битола,**кој содржи:**

**-Работна група**

**Б.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

1.Цел,значење и метод на изработка на планот

2. Хронологија на планирање на просторот

3.Местоположба,граници и површина и сообраќајна поврзаност

4.Просторен концепт

5.Природни карактеристики

6.Анализа на постојна состојба

7.Инвентаризација на бесправно изградени градби

8.Инфраструктура

9.Резиме на можности за развој

**Графички прилози**

- Извод од Просторен план на РМ
- Ажурирана геодетска подлога М=1:1000
- Документациона основа: М=1:1000
- Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби М=1:1000

**С.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1.Вовед

2.Граница и површина на планскиот опфат
3.Просторен концепт
4.Единици на градежно земјиште
5.Класа на намени
6.Нивелманско решение
7.Мерки за заштита
8.Сообраќај
9.Електроенергетика и ПТТ инсталации
10.Хидротехничка инфраструктура

**Графички прилози**

1.План на намена на земјиштето и градбите М= 1:25000
2.Регулационен план-планска документација М=1:100
3.План на површини за градба М=1:1000
4.Сообраќајно решение М=1:1000
5.Инфраструктурен план М=1:1000
6.Синтезен план М=1:1000
7.Нивелационен план М=1:1000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на Советот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот,во електронски формат,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење.

**Чл.5**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.6**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 2874/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.12.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИчКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ИЗГРАДБА НА СТОПАНСКИ КОМПЛЕКС - ПОГОН ЗА ПРЕРАБОТКА НА ШУМСКИ ПЛОДОВИ, ОВОШЈЕ И ЗЕЛЕНЧУК ВО М.В. "ДОЛНО САДОВО", КО ПРИЛЕП, ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП**

1. Одлуката за донесување на Урбанистички план вон населено место за изградба на стопански комплекс - погон за преработка на шумски плодови,овошје и зеленчук во М.В. "Долно Садово", КО Прилеп, во Општина Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2908/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
09.12.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.26,ст.4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.24/2008), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп" бр.6/03),Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 04.12.2008година, донесе:

**О Д Л У К А**

за донесување на Урбанистички план вон населено место-за изградба на стопански комплекс -погон за преработка на шумски плодови,овошје и зеленчук, во м.в."Долно Садово" КО Прилеп во Општина Прилеп

**Чл.1**

Се донесува **Урбанистички план вон населено место- за изградба на стопански комплекс - погон за преработка на шумски плодови ,овошје и зеленчук во м.в."Долно Садово",КО Прилеп,на КП бр.3928 и 3931/2,**во Општина Прилеп., (во понатамошниот текст:планот), како што е означено во графичките прилози кои што се составен дел на оваа Одлука.

**Планскиот опфат е ограничен со следните граници: на североисток се** граничи со парцелите КП бр.3927,од **југоисток се граничи со КП бр.3930,земјен локалем пат,од југозапад** граничи со КП бр.3929,и од северозапад се граничи со парцелата 4886,земјен локален пат.

**Вака определениот плански опфат е со површина од 1,22 ха**.

**Чл.2**

**Планот од член 1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:**

**- Одлука** за донесување измени и дополнувања на Програмата за дон. на урбанистички планови на територијата на општина Прилеп за 2007год.

**-Услови за планирање на просторот-**техн.бр.00608,од Агенција за планирање на просторот.

**-Решение за услови за планирање на просторот** бр.15-613/2 од 06.03.2008год.,издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање - Скопје.

**-Извештај од Стручна ревизија** на нацрт планот изработена од Д.О.О "ИН-ПУМА" од Скопје, од Март 2008год.

**-Одговор на забелешките од стручната ревизија** од Март 2008год. ,изработен од ДООЕЛ "Урбан Проект" од Прилеп.

**-Стручно мислење** бр.17-4721 од 11.04.2008год.-МТВ – Сектор за уредување на просторот-Скопје.

**-Одговор на забелешките од Стручното мислење** од Мај 2008год.-изработен од - ДООЕЛ"Урбан Проект "од Прилеп.

-**Одлука за утврдување на Нацрт План** бр.07-1598/3 од 24.06.2008год.-донесена од Совет на Општина Прилеп.

**-Одлука за организирање на јавна анкета** и јавна презентација бр.09-669/12 од 24.06.2008год.

- **Соопштение** бр.09-669/13 од 24.06.2008год.,објавено во печатен медиум.

-**Извештај од јавна анкета и стручна консултација** бр.09-669/15 од 15.07.2008год.

**-Мислење од Н.У.Завод за заштита на спомениците на културата и музеј -Прилеп,**за постоење на недвижно културно наследство на локалитетот кој е предмет на планот,бр.09-669/17 од 25.07.2008год.

**-Решение за давање на согласност за трајна пренамена бр.08-7014/5 од 04.09.2008год.**- издадено од Министерство за земјоделство,шумарство и водостопанство -Сектор за

регистрирање и управување со земјоделско земјиште -Скопје.

**-Известување за постапување по извештајот** бр.09-669/20 од 15.09.2008год.-изработен од Локална самоуправа на општинас Прилеп.

**-Враќање на документација** бр.09-669/22 од 29.09.2008год.

**-Известување за постапување по известувањето за враќање на документација** бр.09-669/25 од 03.10.2008год.

**- Согласност на Предлог планот,**бр.17-11692/2 од 27.10.2008год.,издадена од Министерството за транспорт и врски -Скопје.

**- Комплетен примерок од Предлиг планот** техн.бр.168/08,од Август 2008год.,изработен од ДООЕЛ"Урбан Проект" од Прилеп,**кој содржи:**

**ОПШТ ДЕЛ**

**-Извод од регистрација ба фирмата**

**- Овластување на фирмата**

**- Лиценца на планерот**

**Б.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**Текстуален дел**

1. Вовед
2.Извод од Просторен план на РМ
3.Географски и геодетscки податоци за подрачјето на планскиот опфат 4.Историјат на планирањето на просторот
5.Природни фактори и валоризација на вредностите од поширок простор
6.Детерминираност на просторно физичкиот развој
7.Инвентаризација на постоен градежен фонд
8.Инвентаризација на постојна комунална инфраструктура
9.Создадени вредности како императив за планираниот развој

**Графички прилози**

- Извод од Просторен план на РМ М=1:250000

Приказ на поширокото подрачје и сообраќајна поврзаност М=1:1000

- Ажурирана геодетска подлога М=1:1000

-Документациона основа: М=1:1000

-Инвентаризација и снимка на постоен градежен фонд,сообраќајници и инфраструктура М=1:1000

**С.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

1.Вовед
2.Географски и геодетски податоци за планскиот опфат
3.Насоки од изводот од план од повисоко ниво
4.Планска програма
5.Опис и образложение на Планскиот концепт
6.Парцелација и регулација
7.Површини за градба и висински план
8.Нумерички дел
9.Опис и образложение на планските решенија,сообраќајна и комунална инфраструктура
10.Економско образложение
11.Мерки и план за заштита и спасување
12.Заштита на животна средина
13.Останато
14.Услови за изградба,развој и користење на земјиштето

**Графички прилози**

1.План на намена на земјиштето и градбите М= 1:25000
2.План на површини за градба М=1:1000
4.Сообраќаен и нивециски план М=1:1000
5.Инфраструктурен план М=1:1000
6.Синтезен план М=1:1000

**Чл.3**

Планот се заверува во рок од 8(осум)дена од денот на донесувањето, во 7(седум) примероци, од кои: еден се чува во архивата на донесувачот на планот, еден кај органот што го спроведува, еден во надлежниот државен архив,еден примерок се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот-во електронски формат,еден примерок се

доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, еден примерок се доставува до Државниот завод за геодетски работи и еден примерок се изложува кај донесувачот на Планот, заради достапност на јавноста.

Заверката со потпис и печат ќе ја изврши претседателот на Советот на општина Прилеп.

**Чл.4**

Советот на општина Прилеп е должен во рок од 30 дена од донесувањето на Планот да обезбеди картирање на Планот на хамер или астралон. Картираните подлоги се предаваат на Државниот Завод за геодетски работи на чување и користење.

**Чл.5**

Планот ќе го спроведува надлежниот орган на општина Прилеп.

**Чл.6**

Оваа Одлука со заверен примерок од Планот се доставува до Органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

**Чл.7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 2874/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.12.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стеванаџија

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БР. 5, УРБАН БЛОК 5 - ДЕЛ, ПЛАНСКИ ОПФАТ "А", ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ бр. 5, урбан блок 5 - дел, плански опфат "А", во Прилеп, се објавува во "Службен гласник на Општина Прилеп".

Број 08 – 2908/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
09.12.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

Врз основа на чл.24 ст.2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, ("Сл.весник на РМ"бр.51/05 и 137/07), чл.22 ст.1,т.1 и чл.36 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ"бр.5/02) и чл.14 ст.1 т.1 и чл.26 од Статутот на општина Прилеп ("Сл.гласник на општина Прилеп"бр.6/03), Советот на општина Прилеп на седницата одржана на ден 04.12.2008 годиана, донесе:

**О Д Л У К А**

за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за УАЕ бр.5, Урбан блок 5 - дел,плански опфат "А", во Прилеп

**Чл.1**

**Се утврдува Нацрт на Деталниот урбанистички план за УАЕ бр.5, Урбан блок 5 - дел,Плански опфат "А", во Прилеп** , како што е означено во графичките прилози кои се стоставен дел на оваа Одлука (во натамошниот текст: Планот).

**Планот го опфаќа локалитетот со следните граници:** од југоисток граничи со улицата "Борис Кидрич",од запад во мал дел граничи со станбената улица "ЃУРО Салај",и во поголем дел со пристапната улица "Васил Главинов"кои меѓусебе се споени со пешачка улица(патека),од јужната страна граничи со улицата "Крсте Мисирков" и од северната страна во мал дел граничи со пристапната улица "Кораб" и од североисточната страна ќе граничи со новопроектиран крак од ул."Кеј 4ти Јули",покрај реката Дабничка.

**Вака определениот плански опфат е со површина од 2,45ха.**

**Чл.2**

Планот од чл.1 на оваа Одлука ги содржи следните прилози:

**1.-ДУП за УАЕ бр.11, Урбан блок 11/2 -дел,плански опфат-Блок " А",во Прилеп,**фаза **Нацрт План** изработен од ,,Урбан Проект" ДООЕЛ од Прилеп**,техн.бр.144/07,** од Ноември 2008 год.,заверен во општина Прилеп под бр.09-180/10 од 21.11.2008год.

**А.ОПШТ ДЕЛ**

**1.**Насловна страна

**2.**Содржина

**3**.Извод од регистрација на проектанска организација

**4**.Овластување на фирмата и проектантот

**5.ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА**

**Текстуален дел**

1 **-** Вовед

2.Географски и геодетски податоци за планскиот опфат

3.Историјат на планирањето на планскиот опфат

4.Податоци за природните чинители

5.Податоци за создадени вредности и чинители

6.Инвентаризација на постоен градежен фонд

7.Инвентаризација на постојна комунална инфраструктура

8.Анализа на степен на реализација на важечкиот план

9.Анализа на можностите за разво

**-ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

**1.** Извод од ГУП на град Прилеп -намена на површини М=1:5000

2.Извод од ГУП на град Прилеп-сообраќајно решение М=1:5000

3.Ажуритана геодетска подлога М= 1:1000

4. Инвентаризација и снимка на бесправно изградени градби М=1:1000

5. Инвентаризација на постојна инфраструктура М= 1: 1000

**6.ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА**

**Текстуален дел**

1.Вовед

2.Географски и геодетски податоци за планскиот опфат

3.Насоки од изводот од план од повисоко ниво

4. Планска програма на просторниот развој

5.Опис и образложение на планскиот концепт

6.Опис и образложение на планските решенија за изградба

7.Опис и образложение на пл.решенија за сообраќај и инфраструктура

8.Мерки за заштита на културното наследство,животната средина и природата и мерки за заштита од разурнување

9.Општи услови за изградба,развој и користење на земјиштето

10.Посебни услови за градење

**Б.ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ**

1.Синтезен план,план за намена на земјиштето М=1:1000

2.Регулационен план -парцелација М=1:1000

3.Синтезен лан-инфраструктура, сообраќаен план,нивелациски и инфраструктурен план М=1:1000

**2.Извештај од извршена стручна ревизија на Нацрт Планот** од Мај 2007год., изработена од " Ин-Пума " – ДОО - Скопје,техн.бр.99/2007.

**3.Одговор на забелешките од стручната ревизија,изработен од изработувачот на планот,ДООЕЛ"Урбан Проект" од Прилеп** од Мај 2007год.

**4.Стручно мислење бр.16-11028 од 28.10.2008год.** издадено од Министерство за трант и врски-Сектор за уреду. на просторот –Скопје.

Заведено во Општина Прилеп под бр.09-180/9 од 10.11.2008год

**5.Извештај за постапување по забелешките од Стручното мислење** изработен од страна на изработувачот на планот,од Ноември 2008год. ,заведен во Општина Прилеп под бр.09-180/11 од 21.11.2008год.

**Чл.3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Прилеп".

Број 07 - 2874/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
04.12.2008 год. на Советот на Општина Прилеп
П р и л е п Димитар Стевананција

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 48 став 1 од Статутот на Општина Прилеп ("Службен гласник на Општина Прилеп" бр.6/2003) Градоначалникот на Општина Прилеп, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ - ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УАЕ БР.11, УРБАН БЛОК 11/2 - ДЕЛ, ПЛАНСКИ ОПФАТ - БЛОК "1", ВО ПРИЛЕП**

1. Одлуката за утврдување Нацрт - Детален урбанистички план за УАЕ бр.11, урбан блок 11/2 - дел, плански опфат - блок "1", во Прилеп, се објавува во “Службен гласник на Општина Прилеп”.

Број 08 – 2908/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
09.12.2008 година на Општина Прилеп
П р и л е п Марјан Ристески

